**ИЗВЕШТАЈ**

**за соработка со родители**

Во согласност со наставниот план и програма по Природни науки, учениците од IIIа одд. научија за забите на човекот. Со цел да ги продлабочат своите знаења и практично да се запознаат со забите кај човекот, на 01.06.2023 година остваривме соработка со Д-р. стоматолог Валентино Трајановски и забните техничари Ирена Николовска и Мартин Георгиев.

Целата организација беше изненадување за учениците и истото го открија самите преку сложувалка во паркчето „Бори“. Потоа се упативме во стоматолошката ординација „Д-р. Трајановски“. Таму не пречека доктор Тино и со учениците имаше интерактивен разговор за забите кај човекот, кои се нивни непријатели, како се расипуваат запчињата, како правилно треба да се одржува хигиената на забите, колку често треба да одат на стоматолог за да имаат здрави заби. На крај докторот на секое дете му подари приказна за црвчето и по една паста за одржување на хигиена на забите.

Потоа отидовме кај забните техничари Ирена Николовска и Мартин Георгиев. Таму учениците имаа можност да видат како компјутерски се дизајнираат забите, како се изработуваат и се печат. Се запознаа со алатките кои ги користат забните техничари при изработката на забите. Потоа следеше работилница во која децата на алигаторот требаше да му направат заби. Секачите и кучешките заби беа направени од пец бонбони, а преткатниците и катниците од топчиња кои учениците ги јадат со млеко како појадок или вечера. Секој ученик кога ќе завршеше со својата изработка, добиваше Диплома и подарок. За девојчињата алки и ланчиња со привезок запче, а момчињата гуми во форма на запче и сите беа спакувани во разнобојни пластични кутивчиња.

На крај сите ученици добија овошна салата за да се освежат и научија дека овошјето е пријател, а благите работи непријател на забите.

















ЗАБИТЕ КАЈ ЧОВЕКОТ
СЕКАЧ
КУЧЕШКИ
ПРЕТКАТНИК
КАТНИК


maxdental Lab




















FORTNITE
OCEAN





01.06.2023, Скопје

Одд. наставник:

Илинка Димовска